PATHWAYS TO CREATIVE CAREERS

# P2CC Методолошка рамка

## курирано од Мулаб

P2CC – Патишта до креативни кариери

Проект: 2024-1-SE02-KA220-YOU-000252062

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# DOCUMENT CONTROL

| | |
|---|---|
| **Акроним на проектот** | P2CC |
| **Наслов на прокетот** | Патишта до креативни кариери |
| **Договор за грант бр.** | 2024-1-SE02-KA220-YOU-000252062 |
| **Име на документот** | P2CC МЕТОДОЛОШКА РАМКА |
| **Број на нацрт** | 1.0 |
| **Одговорен партнер** | Mulab |
| **Прегледувач(и)** | сите партнери |
| **Датум** | 31/01/2025 |

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# СОДРЖИНА


**Контрола на документи.......................................... 2**

**Содржина.......................................... 2**

**Вовед.......................................... 4**

**P2CC МЕТОДОЛОШКА РАМКА.......................................... 5**

Одредба за одговорност.......................................... 5

Клучни фокуси.......................................... 5

Целна група.......................................... 5

Цели.......................................... 5

Очекувани резултати.......................................... 5

Клучни теми на P2CC.......................................... 6

Модели за проценка на потреби и вештини.......................................... 6

P2CC - Споделени методологии и пристапи:.......................................... 6

Модели за проценка и евалуација на потреби и вештини.......................................... 8

**МЕНТОРСКИ ЧАДОР.......................................... 10**

Вовед во менторската рамка за зајакнување на младите во креативните кариери.......................................... 10

Методолошки „пилули'.......................................... 13

**НАЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ.......................................... 16**

Креативни кариери во Шведска.......................................... 16

Креативни кариери во Италија.......................................... 16

Креативни кариери во Северна Македонија.......................................... 17

Креативни кариери во Шпанија.......................................... 18

Креативни кариери во Хрватска.......................................... 19

**CASE STUDIES.......................................... 22**

Организација: Folkuniversitetet Umeå.......................................... 22

Организација: Mulab.......................................... 26

Организација: Press to Exit.......................................... 29

Организација: Rinova Malaga.......................................... 35

Организација: Urbani separe.......................................... 40



Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# ВОВЕД

Овој документ ја претставува **Методолошката рамка** развиена во рамките на проектот „Патишта до креативни кариери (P2CC)", финансиран од Европската Унија. Рамката е замислена како ресурс за едукатори на млади, ментори и професионалци од културните и креативните индустрии (CCI), обединувајќи добри практики, методологии и алатки за зајакнување на младите да следат одржливи кариери во креативни области.

Покрај оваа рамка, „Работниот пакет 2" од проектот ги вклучува и: **Моделот на патека за креативни кариери** и **Мапирањето на профили** – двете развиени од Mulab, како поддршка за ментори и ментии при идентификување на развојни насоки и можности. Содржи и **Алатка за дијагностика** на потреби, креирана од Rinova, која им помага на менторите да ги проценат конкретните потреби и аспирации на младите креативци.

Овие ресурси заедно формираат сеопфатен сет алатки за поддршка на одржливи кариерни патишта во културните и креативните индустрии.

Вклучено во самиот Рамковен документ, авторите одлучија да ги појаснат понатаму деловите кои ја истакнуваат средината во која е развиен Рамковниот документ, како и студиите на случаи споделени од конзорциумот кои се користеле како основа врз која методологиите и пристапите се понатаму појаснети. Краток преглед на менторството е исто така вклучен за да се обезбеди заедничка основа како почетна точка за професионалците.

Конкретно, документот најпрво ќе ја претстави насловената тема **P2CC Методолошка рамка** во која се опишани клучните области кои се во фокус на проектот, нејзините целни групи, целите и очекуваните резултати. Таа воведува заеднички методологии и пристапи, вклучувајќи модели за менторство и стратегии за проценка на вештини.

Понатаму, читателот ќе биде воведен во секцијата **Менторски чадор** која го истражува менторството како основна алатка за овластување на младите во креативните кариери. Таа ги дефинира клучните принципи, влијанието и стратегиите за неформално учење во рамките на процесот на менторство.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Во делот **Национална анализа на контекстот** се нуди преглед на креативните кариери во **Шведска, Италија, Северна Македонија, Шпанија и Хрватска**. Профилите на секоја земја ги истакнуваат **можностите, предизвиците и системите на поддршка** што им стојат на располагање на младите креативци, обезбедувајќи вреден увид во националните контексти кои го обликуваат развојот на креативните кариери низ Европа.

Во делот **Студии на случај** се претставени конкретни примери на **добри практики** спроведени од партнерите во проектот. Овие примери прикажуваат **иновативни модели на менторство** и **стратегии за ангажирање**, кои успешно ги поддржале младите луѓе во развојот и унапредувањето на нивните креативни кариери.

Проектот **Патишта до креативни кариери / Pathways to Creative Careers (P2CC)** е колаборативна иницијатива што обединува пет европски организации со докажана експертиза во областа на **младинското образование, менторството и креативните индустрии**. Заедно, партнерите имаат за цел да ги зајакнат можностите за развој на креативни кариери и да поттикнат меѓународна размена на знаење:

**Folkuniversitetet Umeå (Шведска):** Водечка институција во областа на неформалното образование, позната по своето силно искуство во уметничкото образование и работа со заедницата.
**Mulab (Италија):** Е организација специјализирана за менторство, учење меѓу врсници и креативни методологии кои им овозможуваат надградба  и јакнење на младите луѓе во уметничкиот и културниот сектор.
**Press to Exit (Северна Македонија):** Поддржува млади и афирмирани уметници преку поттикнување креативни кариерни патеки, менторство и меѓународни соработки.
**Rinova Málaga (Шпанија):** Фокусирана на стручно образование, обука и развој на дигитални вештини во креативниот сектор.
**Urbani Separe (Хрватска):** Посветена на развој на локалните креативни индустрии и обезбедување менторски програми за млади професионалци.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# P2CC МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## Одредба за одговорност

Оваа Методолошка рамка има за цел да им помогне на менторите и едукаторите полесно да се движат низ сложеноста на менторирањето на млади креативци. Преку интегрирање на заеднички методологии и национални согледувања, проектот P2CC има цел да изгради силен и одржлив систем за поддршка на нови таленти низ Европа.

Оваа рамка е резултат на заеднички напори меѓу партнерите на P2CC проектот, координирани од Mulab, со цел размена, собирање и систематизација на нивните најкористени и ефикасни пристапи за менторирање на млади кои се стремат кон кариера во секторот на културните и креативните индустрии.

Конечната верзија на овој документ беше дискутирана меѓу претставниците на партнерските организации за време на заедничката работилница водена од Mulab за време на Транснационалниот состанок во Малага на 10 декември 2024 година. Овој рамковен документ има за цел да биде корисен ресурс за младински едукатори за да можат да ги интегрираат своите пристапи и добри практики.

Во овој документ термините „методологии“ и „пристапи“ се користат според нивните академски толкувања: „Методологијата се однесува на систематската теоретска анализа на методите применети во една област на истражување. Таа опфаќа принципи, теории и филозофии кои ја водат примената на методите и рамките за истражување. Таа обезбедува оправдување за тоа зошто одредени методи се избрани пред другите.“ [...] „Пристапот се однесува на генералната ориентација или перспектива кон истражување или практика. Тој е поширок и може да ја влијае на изборот на методологија, но не мора да диктира конкретни методи.”[1]

---

[1] Crotty, M. (1998). *The Foundations of Social Research: Meaning and Perspective in the Research Process.* SAGE Publications.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Клучни фокуси

## Целна група

1) Специјализирани едукатори за млади во уметноста
2) Општи обучувачи, советници и ментори за млади

## Цели

1) Да се обезбедат усогласени методологии, пристапи и вештини за едукатори и обучувачи, со цел менторирање на млади во правец на креативни кариери (развивање вештини и самодоверба преку менторирање, овластување преку релевантни искуства).
2) Да се промовира овластување на младите преку групно учење, соработка, социјален ангажман и користење на креативни уметности како алатка.

## Очекувани резултати

1) Одржлива, прилагодлива рамка за употреба од едукатори, обучувачи и ментори низ европски културни контексти.
2) Подобрени патеки за креативни кариери за млади, со појасни и подостапни модели.
3) Заедница на практика / мрежа на едукатори со унапредени компетенции во менторство во креативни уметности.

# Клучни теми на P2CC

Во согласност со резултатите од заедничките дискусии, менторството е дефинирано како основна методологија која ги опфаќа следните 5 клучни теми:

1. инклузија и еднаквост
2. благосостојба и справување со стрес
3. социјално влијание на креативните уметности
4. критичко размислување и медиумска писменост
5. дигитализација и претприемачки вештини

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Почетна проценка на едукаторите

1) Проценка на потреби и евалуација: способноста да се проценат сопствените потреби и да се евалуира сопствената работа е основата за спроведување релевантна и ефикасна проценка на потребите на менторирани млади лица.
2) Заедница на практика: Препорачливо е едукаторите да се приклучат на мрежа на колеги за размена на добри практики, алатки и ресурси релевантни за менторирање млади кон креативни кариери.

   Може да вклучува:
   - локална/национална онлајн работилница за споделување на најдобри практики
   - онлајн транснационален состанок за споделување на најдобрите практики (квартални состаноци за стандардизација)
   - размена на меѓусебно менторство помеѓу земјите (дигитално микро менторство со ментори од други земји еден-на-еден или еден-на-неколку)

# P2CC - Споделени методологии и пристапи:

Следниве се наменети како прилагодливи модели за менторирање во креативните уметности, применливи во различни контексти.

## Методологии (структурирани рамки за менторство):

- **Искуствено менторство** – учење преку директно искуство, рефлексија и примена во насочена уметничка практика. Засновано на Теоријата за искуствено учење на Колб (1984).[2]
- **Менторство базирано на проекти (PBM)** – фокусирано на конкретни уметнички проекти, што им овозможува на менторираните да развиваат вештини преку реални апликации. Засновано на Учење базирано на проекти (PBL), кое поттикнува учење преку реални предизвици.[3]
- **Менторство базирано во заедницата** – поврзува млади со локални уметници и културни институции за да се поттикне колективно создавање уметност. Засновано на Уметничко

[2] Kolb, D. A. (1984). *Experiential Learning: Experience as the Source of Learning and Development.* Prentice-Hall.
[3] Thomas, J. W. (2000). *A Review of Research on Project-Based Learning.* Autodesk Foundation.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

образование базирано во заедницата (CBAE), кое ја промовира социјалната вклученост преку уметничка практика.[4]

- **Менторство меѓу врсници** – млади луѓе се менторираат меѓусебно, поттикнувајќи соработка и взаемно учење. Засновано на Теоријата за социјално учење на Виготски (1978), која ја нагласува важноста на интеракцијата меѓу врсници во процесот на учење.[5]
- **Еден-на-еден менторство** – персонализиран пристап каде искусен ментор го води развојот на млад уметник.
- **Групно менторство** – повеќе ментори кои работата со група на менторирани личности за да поттикнат дискусија и разновидни перспективи.

Неформално, колаборативно и експериментално менторство вклучувајќи менторство базирано на проекти, експериментални/учествувачки работилници и практични активности за развој на практични вештини релевантни за креативни кариери. Тоа служи ефикасно како стратегии за вклучување, како и за спроведување работилници за мотивација и инклузија (прво за тренерите и менторите, а потоа за менторираните лица), мапирање/планирање на личен развој за менторираните лица (TME playbook), и рефлексивни сесии/практики за индивидуални достигнувања и цели.

## Пристапи (концептуални ориентации)

- **Холистички пристап:** Се фокусира на личен, емоционален и социјален развој преку уметноста.
- **Пристап ориентиран кон учесникот:** Прилагодување на содржини и методи врз основа на интересите, потребите и потеклото на младите.
- **Интердисциплинарен пристап:** Комбинира различни уметнички дисциплини со други области (на пр., претприемаштво, наука, дигитално, социјално вклучување, благосостојба…) за подлабоко ангажирање.
- **Пристап базиран на потенцијалите:** Се фокусира на силните страни и потенцијалот на младите, наместо на воочените недостатоци.
- **Гемификација и забавно учење:** Вклучува игри и забавни интеракции за поттикнне инволвираност.

Прилагодувањето на сесиите според потребите и вештините на учесниците преку „Менторство/обучување насочено кон учесникот“ го поттикнува нивното јакнење преку групни

---

[4] Blandy, D., & Hoffman, E. (1993). *Toward an Art Education of Place.* Studies in Art Education, 35(1), 22-33.
[5] Vygotsky, L. S. (1978). *Mind in Society: The Development of Higher Psychological Processes.* Harvard University Press.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

активности и преносливи вештини како комуникација, критичко размислување, тимска работа, колаборативно решавање проблеми, мозочна бура и управување со проекти. Слични резултати се постигнуваат преку интердисциплинарност и професионализација, кои ја интегрираат уметноста со претприемачките и кариерните вештини, раскажување приказни, управување со проекти, мрежно поврзување во културните и креативните индустрии, теми специфични за индустријата и градење на портфолио.

## Модели за проценка на потреби и вештини

Моделите за проценка и оценка на потребите и вештините се суштински процеси кои ја обликуваат и усовршуваат методологијата и пристапите на менторството. Тие не се самостојни методологии, туку служат како клучни точки во рамките на секој менторски систем. Конкретно, тие обезбедуваат структуриран начин за да се:

1) ги идентификуваат **почетните точки** на менторираните
2) го водат нивниот **уметнички развој**
3) го мерат **успехот на менторскиот процес**

### 1) Почетна точка: проценка на потребите и вештините

Пред започнување на менторството, оваа фаза помага да се идентификуваат потребите на менторираните, уметничките способности, стиловите на учење и аспирациите. Тоа обезбедува менторството да биде насочено кон ученикот и усогласено со индивидуалните и групните цели.

#### Цели:

- Да се разберат уметничките и личните развојни потреби на менторираните.
- Да се проценат постоечките вештини и нивоата на знаење.
- Да се идентификуваат бариерите за ангажман и преференциите за учење.

#### Методи:

- Анкети и самооценки
- Преглед на портфолио
- Интервјуа и фокус групи

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

- Набљудувачки оценки

**Поврзани пристапи:**

- Пристап ориентиран кон учесникот
- Пристап базиран на ресурси
- Холистички пристап

## 2) Тековна и завршна фаза: Модели за евалуација

Евалуацијата за време и на крајот на менторството ја мерува ефикасноста, го следи напредокот и ги подобрува идните програми. Таа обезбедува начин на кој менторството го поддржува и уметничкиот и личниот развој.

**Типови:**

- **Формативна евалуација (тековна фаза):** Го прилагодува пристапот на менторството во реално време врз основа на повратни информации и набљудувања.
- **Сумативна евалуација (завршна фаза):** Ја мери вкупната влијание, резултатите и развојот на вештините.

**Методи:**

- Саморефлексии и водење на дневник
- Преглед на портфолио и перформанси
- Сесии со повратни информации од ментори
- Креативна документација (раскажување приказни, визуелно мапирање или дигитални медиуми за документирање на напредокот)

**Поврзани пристапи:**

- Пристап ориентиран кон учесникот
- Интердисциплинарен пристап
- Холистички пристап

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# МЕНТОРСКИ ЧАДОР

## Вовед во менторската рамка за зајакнување на младите во креативните кариери

Менторството е професионална врска каде искусна личност (ментор) помага на друга личност (менториран) во развојот на вештини и знаење, во рамките на нивниот конкретен професионален контекст. Овие врски обично се подолготрајни од врската со обучување и често се повеќе фокусирани на личниот развој. Менторството почесто е индивидуална врска, базирана на доверба, меѓусебно почитување и јасна комуникација. Менторот и менторираниот ќе поставаат јасни цели за усогласување на очекувањата и за определување на обемот на менторската врска.

Менторството е моќен алат за овозможување на младите луѓе да истражуваат и да се издвојуваат во креативните кариери. Во ера во која традиционалните образовни патеки можеби не го подготвуваат целосно поединецот за динамичната и интердисциплинарната природа на креативните индустрии, менторството нуди персонализиран, флексибилен и влијателен пристап. Оваа методологија ги надминува јазовите помеѓу формалното образование и реалните можности, нудејќи им на младите луѓе насоки, вештини и самодоверба потребни за да се снајдат и да успеат во ова конкурентно поле.

Во својата основа, менторството за јакнење на младите комбинира персонализирана поддршка со можности за учење преку искуство. Преку поттикнување на односи помеѓу искусни професионалци и нов талент, менторството овозможува пренесување на знаење, развој на вештини и професионален раст. Исто така, игра критична улога во справување со социјални и економски бариери, обезбедувајќи поголем пристап и инклузивност во креативните сектори.

Менторите имаат искуство и вештини од секторот кои се потребни и ја споделуваат својата експертиза, увид и искуство за да му помогнат на менторираните да се снајде со комплексностите.

Методологијата е флексибилна, се развива како што се менуваат потребите на менторираните со текот на времето.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Менторските иницијативи можат да бидат од особено значење за поддршка на претприемачи од помалку застапени и ранливи групи, помагајќи им да ги надминат поголемите бариери со кои често се соочуваат во однос на самодовербата и мотивацијата за започнување и водење успешен пат, проширување на своите мрежи и управување со сопствен бизнис.

Овој рамковен документ ги претставува клучните принципи, стратегии и алатки за ефективно менторство во креативните кариери. Тој се темели на најдобрите европски практики, користејќи неформални модели на учење и колаборативни пристапи со цел да се поттикне личен и професионален развој.

Во срцето на методологијата се наоѓаат три столба:

1) **Водство и поддршка:** Обезбедување персонализирано менторство прилагодено на индивидуалните цели и предизвици.
2) **Развој на вештини:** Опремување на менторпираните лица со практични и преносливи вештини преку учење преку искуство.
3) **Зајакнување и самостојност:** Поттикнување на самодоверба, автономија и способност за значаен придонес во креативните индустрии.

# Влијание на менторството

## Краткорочни резултати:

- Подобрување на самодовербата и мотивацијата кај менторираните лица.
- Стекнување на специфични вештини, како што се управување со проекти, лидерство и креативно решавање на проблеми.
- Зајакнување на врските со заедницата и поголема културна свесност.

## Долгорочни резултати:

- Зголемена вработливост и напредок во кариерата. Податоците од програми како *CLOCK Your Skills* покажуваат дека менторството може да доведе до формална акредитација и професионално признание, што позитивно влијае на кариерниот развој.
- Подобрена социјална мобилност и инклузија, особено за маргинализираните групи.
- Создавање одржлив кадар на таленти, што обезбедува долгорочни придобивки за индустриите и заедниците.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Како заклучок, менторството во рамките на неформалното образование ги надминува празнините во традиционалните системи, поттикнувајќи отпорност, адаптибилност и учење во текот на целиот живот. Докажаното влијание на овој пристап ја истакнува неговата суштинска улога во подготовката на поединците за успех во сложени и постојано променливи средини.

## Стратегии за неформално учење во менторството

### 1. Учење преку искуство:

- Вклучување на менторираните лица во практични активности, како проекти, стажирања или симулации што одразуваат реални предизвици.
- Поттикнување на размислување и анализа на искуствата со цел извлекување значајни поуки и сознанија.

### 2. Индивидуализиран пристап:

- Прилагодување на менторските планови според интересите, силните страни и аспирациите на менторираните.
- Користење флексибилни методи за да се одговори на различни стилови и брзини на учење.

### 3. Колаборативно учење:

- Поттикнување учење меѓу врсници преку групни менторски сесии или заеднички проекти.
- Охрабрување на менторираните да се вклучат во својата заедница или професионална мрежа, со што се развиваат тимска работа и социјални вештини.

### 4. Развој насочен кон остварување на цели:

- Поставување јасни, остварливи цели и меѓурокови за одржување на фокус и мотивација.
- Вклучување активности за развој на конкретни вештини, како комуникација, лидерство или креативно решавање на проблеми.

### 5. Зајакнување преку рефлексија:

- Користење на рефлексивни практики, како водење дневник или насочени дискусии, за да им се помогне на менторираните да го оценат својот напредок и да ги идентификуваат областите за развој.
- Поттикнување на автономија преку вклучување на менторираните во процесите на одлучување.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Активности за неформално учење во менторството

## 1. Работилници за развој на вештини:

- Организирање интерактивни сесии на теми како управување со проекти, дигитални алатки или креативно размислување.
- Вклучување практични вежби, како игри на улоги или студии на случај, за засилување на учењето.

## 2. Реални проекти:

- Доделување задачи што бараат примена на стекнатите вештини, како организирање настани, создавање содржини или водење помали иницијативи.
- Комбинирање на овие активности со редовни сесии за повратни информации за следење на напредокот и надминување на предизвиците.

## 3. Следење и набљудување:

- Овозможување на менторираните да ги набљудуваат професионалците или менторите во акција, со цел да стекнат увид во реалните работни практики и техники за решавање проблеми.
- Следење со дискусии за научените лекции и впечатоци.

## 4. Активности базирани во заедницата:

- Вклучување во општествени проекти, волонтерски активности или заеднички настани кои промовираат граѓанска ангажираност и тимска работа.
- Користење на овие активности за развивање емпатија, соработка и лидерски способности.

## 5. Рефлексивни дискусии и менторски средби:

- Организирање индивидуални или групни сесии за разговор за напредокот, предизвиците и аспирациите на менторираните.
- Користење отворени прашања за поттикнување критичко размислување и самосвест.

## 6. Креативно изразување и решавање проблеми:

- Поттикнување употреба на уметност, пишување или други креативни медиуми за изразување и пронаоѓање иновативни решенија.
- Примери: создавање визионерски табли, дизајнирање прототипови или раскажување приказни.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

### 7. Симулации и игри на улоги:

- Користење сценарија или игри на улоги за симулирање реални ситуации, како претставување идеја, решавање конфликт или управување со тим.
- Обезбедување конструктивна повратна информација за усовршување на стратегиите и пристапите.

Со спроведување на овие стратегии и активности, менторството во неформални средини за учење може значително да им овозможи на младите да развијат самодоверба, вештини и адаптибилност потребни за успех во нивниот личен и професионален живот.

# Методолошки „пилули“

## Кооперативно учење

Кооперативното учење е наставна методологија во која учениците или учесниците работат во структурирани групи со цел да постигнат заеднички академски цели, истовремено развивајќи меѓучовечки и социјални вештини. Овој пристап поттикнува активно учество, меѓузависност и индивидуална одговорност, осигурувајќи дека сите членови придонесуваат и имаат корист од заедничкиот напор (Johnson & Johnson, 1999).

Преку заедничко решавање проблеми и дијалог, учесниците заеднички ја градат својата база на знаење, користејќи ги различните перспективи и способности за подобрување на разбирањето и постигнувањата. Кооперативното учење ги интегрира и академскиот успех, и развивањето на суштински социјални компетенции, како што се комуникација, тимска работа и решавање конфликти.

Клучни елементи се:

1. **Позитивна меѓузависност**
   Членовите на групата се потпираат едни на други за да ги постигнат заедничките цели, обезбедувајќи значаен придонес од секој поединец.
2. **Индивидуална одговорност**
   Секој учесник е одговорен за сопствениот придонес и учење, што се оценува поединечно за да се спречи „слободно возење“.

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

3. **Интеракција лице-в-лице**
   Учесниците директно комуницираат, споделуваат идеи и заеднички решаваат проблеми.
4. **Меѓучовечки и групни вештини**
   Ефикасната комуникација, решавањето конфликти и тимската работа се клучни компоненти кои се изучуваат паралелно со академската содржина.
5. **Групен процес**

   Тимовите размислуваат за својата динамика и постигнати резултати со цел подобрување на идната соработка.

### Придобивки

Истражувањата покажуваат дека кооперативното учење го подобрува академското постигнување, го поттикнува критичкото размислување, и развива позитивни односи и социјални вештини кај учесниците (Slavin, 2014).

## Учење меѓу врсници

Учењето меѓу врсници претставува колаборативен едукативен процес во кој учениците или учесниците активно соработуваат и учат едни од други, без непосредна зависност од формалното подучување од страна на наставници. Овој пристап го нагласува заедничкото создавање на знаење, меѓусебната поддршка и споделената одговорност за постигнување на образовните цели (Boud, 2001).

Наместо да се фокусира исклучиво на пренесување знаење, учењето меѓу врсници го поттикнува критичкото размислување, комуникацијата и меѓучовечките вештини, додека учесниците активно разменуваат идеи, разјаснуваат дилеми и ги предизвикуваат различните гледишта.

Клучни елементи се:

1. **Активно учество**
   Учесниците преземаат активна улога во сопственото учење преку дискусија, подучување и заедничко истражување.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

2. **Меѓусебни придобивки**
   И „учителот“ и „ученикот“ во парот добиваат подлабоко разбирање преку взаемно подучување и споделено истражување.
3. **Разновидни перспективи**
   Секој учесник носи различни искуства и гледишта, што го збогатува процесот на учење и поттикнува инклузивност.
4. **Учење преку подучување**
   Објаснувањето на концепти на врсници ја зацврстува сопствената разбираност на оној што објаснува, додека на другите им обезбедува појасни и пристапни објаснувања.

### Придобивки

Учењето предводено од врсници создава поприфатлива и помалку формална средина, што ја поттикнува активната вклученост и самодовербата кај учесниците (Topping, 2005). Колаборативните интеракции придонесуваат за развој на меѓучовечки вештини, самодоверба и критичко размислување. Дополнително, објаснувањето на концепти на врсници го засилува разбирањето на туторот, додека на учесникот му нуди јасност и практична примена.

## Учење преку дејствување

„Учењето преку дејствување“ е образовен метод кој го нагласува активното учество и практичното искуство како темел за стекнување знаења и вештини. Овој пристап ги охрабрува учесниците активно да се вклучат во практични задачи, да експериментираат со реални предизвици и да размислуваат за своите искуства со цел да извлечат значајни сознанија. Тој се усогласува со конструктивистичките теории, кои тврдат дека знаењето се гради преку активна интеракција со средината (Kolb, 1984).

Наместо да се потпира исклучиво на теоретска настава, „учењето преку дејствување“ воспоставува врска меѓу апстрактните концепти и нивната практична примена, правејќи го процесот на учење поинтересен, порелевантен и подлабок.

Клучни елементи се:

1. **Искуствен фокус**
   Учесниците се вклучуваат во реални или симулирани активности што ја одразуваат практичната, реална средина.

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

2. **Контекстуално учење**
   Знаењето се применува во конкретен контекст, што ја подобрува способноста за разбирање и пренос на вештините во нови ситуации.
3. **Итерактивен процес**
   Учесниците се охрабруваат да експериментираат, да учат од резултатите и да го усовршуваат својот пристап преку повратна информација и рефлексија.
4. **Самостојно откривање**
   Методологијата поттикнува автономија, при што учесниците преземаат одговорност за сопствениот процес на учење и прават откритија преку дејствување и истражување.

## Придобивки

Практичните активности овозможуваат поуспешен развој на технички и меки вештини во споредба со пасивното учење. Истовремено, учесниците учат да анализираат, прилагодуваат и решаваат проблеми во динамични средини, создавајќи смислено и применливо знаење.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# НАЦИОНАЛНА АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТ

## Креативни кариери во Шветска

### Организација: Folkuniversitetet Umeå

Креативните индустрии во Шведска — вклучувајќи музика, гејминг, дизајн и филм — претставуваат значаен придонес кон националната економија и глобалната репутација на земјата. Владата активно ги поддржува овие сектори преку грантови, субвенции и иницијативи спроведени од институции како Шведскиот уметнички совет (Swedish Arts Council). Постои пристап до даночни олеснувања и финансиски можности, особено за стартапи и фриленсери. Образовниот систем во Шведска, со институции како Konstfack и Кралскиот институт за уметност (Royal Institute of Art), ја поттикнува креативната дарба преку акцент на иновација, практични вештини и интердисциплинарно учење. Креативните кариери дополнително имаат корист од силниот технолошки екосистем на земјата, кој поттикнува интеграција со дигитални иновации како вештачка интелигенција (AI), виртуелна реалност (VR) и гејминг технологии.

Сепак, постојат и предизвици, како нестабилност на приходите за фриленсерите, потребата од поголема разновидност и инклузивност, како и сè поголемата глобална конкуренција. И покрај тоа, шведските креативни сектори продолжуваат да напредуваат, потпирајќи се на глобалната побарувачка за дизајн, музика и технолошка експертиза. Можностите се гледаат во извозот на креативни производи, во меѓусекторските соработки и во зајакнување на лидерството на Шведска во одржливи и инклузивни креативни практики. Освен економскиот ефект, овие индустрии ја збогатуваат културната идентичност на земјата, промовираат инклузивност и еколошка свесност, и ја зацврстуваат репутацијата на Шведска како глобален креативен центар.

### Извори:


1. Europa Regina
2. Regeringskansliet
3. konstfack.se
4. Kungl. Konsthögskolan
5. Investment Opportunities in Stockholm



Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Креативни кариери во Италија

### Организација: Mulab

Најзначајни сектори се модата, дизајнот, филмот и издаваштвото, кои особено се развиваат во креативните центри како Милано, Рим и Фиренца. Побарувачката за дигитални вештини — особено во области како продукција на видео содржини, управување со социјални медиуми и гејминг — значително расте, поттикната од глобалните трендови. И покрај големиот потенцијал, креативните професионалци се соочуваат со предизвици како нестабилни договори, ограничено финансирање и административни бариери. Стапката на невработеност кај младите останува висока (20,6% во 2023 година), што дополнително влијае врз младите креативци кои се обидуваат да започнат кариера.

Сепак, владините иницијативи како *Cultura Crea*, заедно со програмите за финансирање од Европската Унија, имаат за цел да ги поддржат стартапите и фриленсерите во овој сектор. Подемот на coworking простори, инкубатори и онлајн платформи овозможи нови можности за вмрежување и развој на вештини. Во последните години, во подем се и одржливоста и зачувувањето на културното наследство, при што младите професионалци сè повеќе го спојуваат традиционалното италијанско занаетчиство со современи, еколошки свесни практики.

### Извори:


1. Symbola Foundation Report
2. ISTAT Data
3. EU Creative Europe Program


# Креативни кариери во Северна Македонија

### Организација: Press To Exit

Креативниот сектор во Северна Македонија бележи значителен развој во последните три децении. Сепак, недоволното финансирање, недостатокот на формални образовни патеки во креативните дисциплини и ограничените можности за вработување го попречуваат целосното искористување на потенцијалот на секторот. Креативните индустрии во земјата ги опфаќаат уметноста, дизајнот, музиката, филмот и занаетчиството, со силен акцент на зачувување на традиционалните занаети и нивна интеграција во современи уметнички практики.


Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Клучна улога во поттикнувањето на креативните кариери имаат Министерството за култура и програмите за финансирање на Европската Унија. Иницијативи како Creative Europe и Erasmus+ им овозможуваат на локалните уметници и културни работници пристап до меѓународни мрежи и финансиски средства.

Сепак, регионалните нерамнотежи остануваат значителен предизвик — главниот град, Скопје, концентрира најголем дел од ресурсите и можностите. Оваа состојба постепено се менува преку децентрализација на ресурсите и мотивација на креативците надвор од главниот град да се организираат и дејствуваат. *Press to Exit*, како членка на ЈАДРО – Асоцијацијата на независната културна сцена, активно учествува во бројни локални и национални иницијативи насочени кон создавање поголеми можности и поголема културна партиципација надвор од Скопје.

Образовните институции, како Факултетот за ликовни уметности во Скопје, нудат специјализирани програми во креативни области, но сепак е потребно повеќе интердисциплинарно и бизнис-ориентирано образование. Недостатокот од вакви обуки го ограничува капацитетот на младите креативци да го комерцијализираат своето творештво или да се вклучат во глобалните пазари. Дополнително, недостигот на единствена стратегија за развој на креативниот сектор и слабите јавно-приватни партнерства го успоруваат растот.

Во тој контекст, *Press to Exit* и неколку други невладини организации активни во областа на уметноста и културата, обезбедуваат можности за неформално образование и менторски програми, кои им помагаат на младите креативци да се подготват и да изградат подобро информирани кариери во креативниот сектор.

И покрај овие предизвици, граѓанските иницијативи и невладините организации — многу од нив членки на ЈАДРО – Асоцијацијата на независната културна сцена — претставуваат двигател на иновативност и културен дијалог. Тие се фокусираат на вклучување на младите преку менторство и работилници, подготвувајќи ја новата генерација креативци за дигиталниот и глобализиран свет.

Политичките реформи се од суштинско значење за справување со системските проблеми и за целосно искористување на културните ресурси на Северна Македонија. Инвестициите во креативното образование, подобрените механизми за финансирање и развојот на поддржувачки мрежи можат да овозможат одржливи кариери и значително да придонесат кон социо-економскиот развој на земјата.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

**Извори и референци:**


1. Creative Europe Program Reports (European Union)
2. "Mapping the Creative Industries in North Macedonia" (Ministry of Culture, North Macedonia)
3. Erasmus+ Program Reports (2020–2023)
4. UNESCO's Creative Economy Reports (2013, 2022)
5. "Cultural and Creative Industries in the Balkans" (Balkan Cultural Heritage Institute)


# Креативни кариери во Шпанија

**Организација: Rinova Málaga**

Шпанија е петта европска земја по обем на производство во креативните индустрии, по Германија, Велика Британија, Франција и Италија. Креативната економија на Шпанија придонесува со 5,75% од БДП (европски просек: 6,64%) и вработува над 700.000 лица. Земјата располага со живописен екосистем на МСП, стартапи и глобални брендови, особено во секторите на мода и дизајн. Шпанија станува лидер и во индустријата за гејминг, со компании како *Social Point* и *Gameloft*.

Сектори како филм, мода, музика и дигитални медиуми се во развој, но системските бариери често го попречуваат пристапот и напредокот. Тие вклучуваат неструктурирани кариерни патеки, нестабилност на работните места, зависност од неформални мрежи, како и високи трошоци за обуки и започнување кариера, особено во области како мода, филм и ТВ, каде што влезните позиции и пракса се слабо платени. Можностите и обуките се концентрирани во урбаните центри како Барселона и Мадрид. Музичкото образование во јавните училишта е ограничено, што ги остава младите музичари зависни од приватна настава. За изведувачи, нестабилното финансирање на театарите и недостатокот на сигурна вработеност создаваат несигурни услови за работа.

Советувањето за кариера и институциите за стручно образование и обука (VET) мора да се адаптираат кон брзите дигитални промени, кои ги трансформираа многу креативни индустрии. Иако дигиталната револуција отвори нови можности и пазари, таа истовремено ја загрози интелектуалната сопственост и изворите на приходи за уметниците. Потребата за континуирано надградување на вештини и скапите лиценци за софтвер можат да го ограничат пристапот.


Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Владата става акцент на претприемништво и стартап иницијативи, но биракратијата и недостатокот на претприемачко образование го попречуваат младите креативци во започнувањето успешни бизниси.

**Извори и референци:**


1. Vocational Education and Training in Spain. Short description https://www.cedefop.europa.eu/files/4214_en.pdf
2. Professional classifications in Spain
3. Creative Industries Spain
4. https://www.madrid.es/UnidadesDescentralizadas/AgenciaParaElEmpleo/Noticias%20y%20publicaciones/ProyectosEuropeos/Creative/CREATIVE%20INDUSTRIES%20A%20GROWING%20SECTOR%20IN%20SPAINfinal.pdf


# Креативни кариери во Хрватска

**Организација: Urbani Separe**

Културните и креативни индустрии (ККИ) во Хрватска се меѓу најбрзо растечките сектори, што одразува трендови низ Европската Унија. Овие индустрии опфаќаат различни области како музика, филм, издаваштво, медиуми, дизајн, архитектура, фотографија и видео игри, и покажуваат значителен економски импакт, особено во секторите за филм и видео игри, кои имаат голем потенцијал за раст.

Секторот ККИ во Хрватска се состои од 45 активности групирани во 12 подсектори, според дефиницијата на *Хрватскиот кластер за конкурентност во културните и креативни индустрии (HKKKKI)*. Од нив, 43 се целосно креативни, а 2 се делумно креативни.

Во 2022 година, секторот вклучуваше над 19.000 претпријатија, кои вработуваа повеќе од 61.000 лица, со просечна месечна бруто плата од 1.436 € (Според Хрватскиот завод за статистика). Во 2019 година, ККИ придонесуваа со 3,1% од БДП на Хрватска, создавајќи околу 10,1 милијарда HRK бруто додадена вредност и сочинуваа 3,51% од националната работна сила.

Сепак, пандемијата COVID-19 значително го погоди секторот, со вкупен пад од 8,4%, еден од најдраматичните во економијата. Најтешко беше погоден подсекторот музика и сценски уметности, со пад на приходите од 40,8%, следен од филмската индустрија со 35,9%.


Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

И покрај овие предизвици, некои подсектори покажаа отпорност. Области како компјутерско програмирање, гејминг, нови медиуми, архитектура и институции за културно наследство како музеи и библиотеки успеаја подобро да се справат со кризата, нагласувајќи ја нивната адаптибилност и растечката важност во секторот.

## Менторство за младите во Културните и креативни индустрии (ККИ) во Хрватска

Менторството за младите во Хрватска е достапно преку различни канали; сепак, пејзажот е фрагментиран и нема континуитет, особено во ККИ. Клучните форми на менторство вклучуваат:

- Универзитетски центри за кариерно советување и развој - Овие услуги се достапни за сите студенти, не само за оние во ККИ. Обезбедуваат општо кариерно советување, поддршка при избор на студии и професија, помош при мотивациски предизвици и упатства за идни студенти.
- Хрватска служба за вработување – Центри за информации и кариерно советување - Фокусирани се на развивање на личниот потенцијал на корисниците за целоживотно кариерно усовршување. Нудат совети за барање работа, креирање професионални можности и подобрување на техники за барање работа. Сепак, овие услуги се општи и не се специфично насочени кон младите во ККИ.
- Практикантски и волонтерски програми - Многу студенти (зависно од универзитетот) можат да аплицираат за практикантски позиции во културни институции и организации, каде што се водат од ментор низ целиот работен процес. Исто така, секој може да волонтира во културни институции или НВО, ако тие нудат структурирана волонтерска програма.
- Програми организирани од НВО - Во ККИ, особено во уметноста, менторството обично се нуди преку работилници, фестивали или јавни повици за учество во проекти. Овие иницијативи обезбедуваат менторство и можности за развој на вештини, но само во рамките на конкретни активности или настани.
- Менторство преку хабови и инкубатори - Во овие средини, фокусот е главно на развој на бизнис, поддршка на раст на идеи или стартапи. Иако овие иницијативи се вредни за иновација и претприемачки вештини, ретко ги опфаќаат пошироките потреби за развој на кариера.

Иако овие можности обезбедуваат вредни ресурси за младите, тие често се ограничени на краткорочни проекти или настани. Сеопфатни и структуирани менторски програми, кои ги водат индивидуите низ целата кариера, скоро и да не постојат во ККИ во Хрватска.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Овој јаз е особено изразен во уметноста, каде што поддршката обично е поврзана со конкретни активности како јавни повици или работилници насочени кон развој на вештини, наместо да обезбеди целосен, долгорочен развој на кариера. Менторството преку хабови и инкубатори, иако е корисно за раните фази на развој, често е ограничено на бизнис аспектите на креативната работа и ретко ги опфаќа пошироките, мултифацетирани потреби на индивидуите кои стремат кон одржливи креативни кариери.

## Извори:


1. Kulturne i kreativne industrije u Republici Hrvatskoj – prije i nakon COVID-19, Ministarstvo kulture i medija RH, ZAMP, 2022. kkicovid19_studija.pdf
2. Ministarstvo gospodarstva RH, Kreativna i kulturna industrija - Invest Croatia
3. Universities - https://uniri.hr/studiranje/sveucilisni-savjetovalisni-centar-ssc/; https://www.unizg.hr/o-sveucilistu/sveucilisna-tijela-i-sluzbe/rektorat/ured-za-razvoj-karijera/ ; https://www.unipu.hr/karijere/savjetovanje; https://www.unist.hr/centar-za-savjetovanje-i-razvoj-karijere/15812
4. Croatian Employment Service - https://cisok.hzz.hr/cisok-centri/
5. Internship & Volunteering programs- https://www.isvu.hr/visokaucilista/hr/podaci/9/akademskagodina/2023/predmet/180657/razina/3/izvedba/R/smjer/39; http://www.uaos.unios.hr/studentska-praksa/; https://volonteka.hr/rijeka-i-okolica/organizatori-volontiranja/11091-hrvatski-kulturni-dom-na-susaku



Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# CASE STUDIES

## Организација: Folkuniversitetet Umeå

### Контекст и добри практики

Balettakademin (Академија за балет) е школата за танц на Folkuniversitetet која нуди обуки во различни стилови на танц на основно и напредно ниво за танчери од сите возрасти. Школата има долгогодишна традиција и е призната по високот квалитет на наставата и стручните наставници. Покрај танц курсевите, Академијата за танц организира и перформанси, работилници и други настани за промоција на танцот и културата. Тие исто така работат на различни проекти за приближување на танцот до младите во рурални средини во северна Шведска и за промовирање на танцот како метод за подобро здравје.

Целта на Академијата е танцот да биде достапен за сите, без оглед на возраст и ниво на искуство. Таа нуди курсеви кои го промовираат професионалниот развој во танцот, како и личниот развој, самодовербата и здравјето. Школата придонесува кон заедницата и инклузијата преку танцот и работи на промоција на танцот и културата во општеството. Академијата за танц се стреми танцот да стане самоподразумевана уметничка форма и да го збогати културниот живот во Шведска, додека служи како платформа за обучени наставници по танц кои придонесуваат за растот на индивидуите. Наставниците во школата велат дека некои од нивните мотиви во работата се: ширењето на танцот до различни целни групи, да се направи танцот самоочигледна уметничка форма, да се зајакне статусот на наставниците по танц, да се биде дел од патот на младите и да се помогне во нивниот личен и уметнички развој. Силна движечка сила е да се биде пример за поддражавање и да се поддржат тинејџерите во нивните формитивни години. Покрај менторството за младите, важен дел од активностите е да им се овозможи на младите танчери да се развиваат како лидери и ментори за другите. Академијата разви програма за менторство, која е опишана во следниот дел.

### Неформални и менторски модели на учење

**Клучни методи/пристапи, активности, партнери и засегнати страни**

Еден од суштинските аспекти за продлабочување на експертизата во одредена област е способноста за споделување на знаење и водење. За да им ја понуди оваа можност на

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

креативни млади лица и да обезбеди компетентен кадар, Академијата за танц разви програма за танчери на возраст од 15 години и нагоре кои се страствени и покажале значителен напредок во развојот на нивните вештини. Младите танчери помагаат на обучен наставник најмалку една година, набљудувајќи и постепено преземајќи одговорности со водење на групи преку вежби базирани на планирањето на наставникот.

Фокусот за време на овој период е на развојот на вештини за водење и управување со различни типови групи. По оваа почетна фаза, младите танчери почнуваат да водат групи самостојно, со значителна поддршка од искусни наставници преку менторство. Тие можат да добијат подготвени планови за часови и да соработуваат со наставникот при нивното креирање. Оваа фаза вклучува три менторски средби за дискусија за наставниот процес. Во последната фаза, младите танчери водат групи самостојно, при што обучените наставници се достапни како ментори за поддршка и насоки при потенцијални предизвици.

Програмата за менторство го зголемува интересот за танц и им покажува на младите дека кариера во танцот е остварлива. Наставниците во Академијата забележале значителен раст кај младите кои преземаат одговорности, водат групи, создаваат претстави, комуницираат со родители и соработуваат со други организации. Истовремено, програмата за менторство и обезбедува на Академијата за танц силни нови лидери, што е многу потребно, бидејќи наставата по танц е многу барана работа.

## Простори и заедница

Академијата за танц, сместена во централното подрачје на Умео, им служи не само на градот туку и на околните општини. Тие нудат настава по танц во училиштата, вклучувајќи го проектот „Креативно училиште", кој е финансиран од Шведскиот совет за уметност, со цел да се интегрира уметноста и културата во образовниот систем. Преку средби со професионални културни практичари, учениците до 16 години добиваат можност да ја развијат својата креативност, да искусат професионални уметнички изрази и да стекнат подлабоко разбирање за културата. Академијата игра витална улога во оваа иницијатива, нудејќи им на младите шанса да го откријат танцот како форма на културен израз. Наставниците во академијата истакнуваат дека проектот им овозможува да го претстават танцот како уметнички медиум на младата публика, често во помали градови каде што пристапот до такви можности може да биде ограничен.

Под мотото „сите можат да танцуваат, сите треба да имаат можност да танцуваат", академијата го поттикнува интересот за танц, дури и ако учениците не го продолжат самостојно по завршувањето на проектот.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Уште еден значаен проект е „Танц за здравје“, кој се фокусира на подобрување на менталното здравје и социјалната поврзаност кај младите преку неконкурентен танц и движење. Овој програм е бесплатен за учесниците и е финансиран од општината и здравствените служби. Академијата исто така организира различни настани, работилници, танцови кампови, настапи и целни проекти. Тие нудат кратки, бесплатни танцови настапи на јавни места низ Умео, учествуваат на саеми и обезбедуваат бесплатни пробни часови по танц. Годишните настапи на различните танцови групи на академијата се врвни моменти, често изведувани во соработка со други организации и простори.

## Case study 1

### Цел:

Да им се овозможи на креативните млади личности да ја продлабочат својата експертиза во танцот, да развијат лидерски вештини и да станат идни лидери во танцот во Balettakademin. Програмата има за цел да создаде поттикнувачка средина каде младите танчери можат да растат и лично и професионално.

### Потреби:

Постои потреба од компетентен талент-портфолио за да се обезбеди континуитет на висококвалитетно учење на танц и лидерство во танцовата заедница.

Дополнително, младите танчери имаат потреба од водство и можности да ги развијат своите лидерски и наставни вештини на структуриран начин.

### Методологија и алатки:

Програмата опфаќа млади танчери на возраст од 15 години и нагоре кои покажале страст и значаен напредок во својот развој.

Овие танчери помагаат на обучен наставник најмалку една година, почнувајќи со набљудување и постепено преземање на одговорности. Тие добиваат наставни планови, можности за соработка при создавање на лекции и менторски состаноци за дискусија на својот напредок.

### Активности:

Учесниците го набљудуваат обучениот наставник, водат групи преку вежби според планот на наставникот и на крајот водат групи независно. Програмата вклучува три менторски состаноци каде наставникот и младиот лидер дискутираат за наставните методи, предизвиците и решенијата. Во последната фаза, младите танчери водат групи самостојно со поддршка од ментори достапни за насоки.

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

**Способности:**

Учесниците развиваат лидерски и вештини за управување со групи, планирање на лекции и водење на настава. Тие ја зголемуваат самодовербата во својата способност да водат и инспирираат други, ги подобруваат своите комуникациски вештини и учат како да се справуваат со различна динамика на групата.

**Простори:**

Програмата се одвива во студијата и училниците за танц на Академијата, обезбедувајќи професионална и поддржувачка средина за учење и развој. Овие простори се опремени со потребните ресурси за ефикасно изведување на наставата и менторството.

**Социјално влијание:**

Програмата ја зголемува заинтересираноста за танц кај младите и покажува дека кариера во танц е остварлива. Таа поттикнува чувство на одговорност и постигнување кај учесниците, кои истовремено придонесуваат кон танцовата заедница станувајќи силни нови лидери. Иницијативата го зајакнува вкупниот квалитет и одржливост на образованието во танц.

## Case study 2

**Цел:**

Да се интегрира уметноста и културата во образовниот систем, обезбедувајќи им на учениците можности да ја развиваат својата креативност, да искусат професионални уметнички изрази и да стекнат подлабоко разбирање за културата преку танц.

**Потреби:**

Постои потреба за зајакнување на културното образование и обезбедување пристап до уметнички изрази за учениците, особено во помалите градови каде што таквите можности можат да бидат ограничени. Проектот има за цел да ја надмине оваа празнина со донесување на танцот и културата директно во образовната средина.

**Методологија и алатки:**

Проектот вклучува професионални културни практичари, вклучувајќи инструктори за танц од Академијата за танц, кои спроведуваат танцови работилници и сесии во училиштата. Фокусот е на создавање продлабочени и интерактивни искуства кои им овозможуваат на учениците да се ангажираат со танцот како уметничка форма.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

**Активности:**

Се спроведуваат танцови работилници, професионални уметнички искуства и сесии за културно образование во училиштата. Овие активности се дизајнирани да бидат инклузивни и достапни, осигурувајќи дека сите ученици, без разлика на нивната потекло, можат да учествуваат и да имаат корист. Проектот исто така вклучува интеракции со професионални танчери и изложеност на различни стилови на танц.

**Способности:**

Учениците развиваат креативни вештини, културна свест и уметничко разбирање. Тие стекнуваат самодоверба во способноста да се изразуваат преку танц и ја подобруваат својата координација и физичка спремност.

**Простори:**

Проектот се реализира во училиштата, вклучувајќи ги и оние во помали градови со ограничен пристап до културни можности. Ова обезбедува учениците од различни средини да ги искусат придобивките од образованието во танц во нивните заедници.

**Социјално влијание:**

Проектот поттикнува интерес за танц и поширока културна свест кај младата публика. Тој помага да се демократизира пристапот до уметноста, обезбедувајќи сите ученици да можат да се ангажираат и да ја ценат уметноста на танцот. Иницијативата придонесува за вкупното културно збогатување на заедницата и го поддржува развојот на добро образовани, културно свесни поединци.

## Case study 3

**Цел:**

Да се подобри менталното здравје и социјалната поврзаност кај младите преку терапевтската и изразна моќ на танцот.

**Потреби:**

Да се одговори на растечката потреба за поддршка на менталното здравје и можности за социјална интеракција кај младите во неконкурентна и инклузивна средина.

**Методологија и алатки:**

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Нудење бесплатни, неконкурентни сесии за танц и движење кои се фокусираат на изразување, релаксација и социјална интеракција.

### Активности:

Лесни танцувања заедно со други млади лица под водство на едукатори со специјализирана обука во методот „танц за здравје".

### Способности:

Учениците развиваат подобро ментално здравје, зајакнати социјални вештини, физичко здравје и чувство на заедница. Тие исто така стекнуваат самодоверба и способности за самоизразување преку поддржувачката и креативна средина.

### Простори:

Програмата се реализира во танцовите студија и училници на Академијата за танц, обезбедувајќи професионална и поддржувачка средина.

### Социјално влијание:

Проектот придонесува за подобрување на менталното здравје и зголемена социјална поврзаност кај младите. Создава поддржувачка заедница каде поединците се чувствуваат вреднувани и оспособени, додека истовремено нуди поголем пристап до танц за сите, без оглед на потеклото или нивото на искуство.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Организација: Mulab

## Контекст и добри практики

За дваесет години, поддршката на младите во креативни кариери или оние фокусирани на користење на креативноста, која е еден од најсилните алатки за развој на „меки вештини“, инклузија и благосостојба, била еден од клучните столбови на целокупната работа на здружението Mulab, кое во првите години од своето делување било и стручна образовна институција (VET).

Кризата на пазарот на трудот во последните години и растечката младинска невработеност сè повеќе ја насочиле нашата истражувачка работа кон креативни методологии како алатка за развој на младите.

За Mulab, клучно е да им помогнеме на младите да ја изградат свеста дека креативната кариера може да биде долга, исцрпувачка и фрустрирачка, дека признанието може да дојде доцна и дека не е сигурно дека ќе се постигне успех во традиционалниот, главен смисол – и тоа, исто така, затоа што Италија е мала и фрагментирана земја и можностите не се многубројни – но, од друга страна, креативниот сектор носи други богатства: вредности, луѓе, социјална мрежа, инклузија, нови визии.

Во последните години учествувавме во различни европски проекти ориентирани во оваа насока: *Talent Matching Europe*, *CREUS* (наградена како добра пракса), и *Big Time Take Over*, и учествувавме како здружение и како индивидуи во промоцијата на системот за акредитација *CLOCK YOUR SKILLS*. На национално ниво, од 2020 година со *Forma Camera* – специјална агенција при Римската трговска комора – спроведуваме проект за ориентација кон професии во живи изведби за средни училишта наречен *Dietro le Quinte* (Зад сцената).

## Неформални и менторски модели на учење

Нашите главни алатки се менторство, учење од врсници и учење преку практика. Обично во нашите проекти вклучуваме млади луѓе на возраст од 15 години па нагоре и го фаворизираме пристапот на поддршка за младите, охрабрувајќи ги да најдат решенија сами колку што е можно повеќе (Big Time Take Over, Dietro le Quinte).

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Во Италија, нашите главни партнери се *Teatro Villa Pamphilj* во Рим, *Teatro Verde* во Рим, *Forma Camera* – специјална агенција при Римската трговска комора, *Frammaradio*, младинска радио станица во Монтеротондо, и здружението „Il Giardino in festa“.

Други засегнати страни се наставници, семејства, здруженија и локални администратори.

## Простори и заедница

Не работиме во еден единствен простор; нашите активности, кога е можно, им даваме предност на провинциските средини, на пример Терамо, или периферни средини, како заедницата на Монтеротондо во метрополитенскиот појас на Рим или населбата Корвиале, каде што заедницата е повеќе изложена на ризик од социјално исклучување.

Работата со училишта, пак, се спроведува во двата театри што соработуваат со нас, и двата во центарот на Рим, но вклучени се и средни училишта од цел Рим и провинцијата. Овај избор е направен за да им се даде можност на деца кои никогаш не би отишле таму да го посетат центарот.

## Case study 1

DIETRO LE QUINTE

(Зад сцената)

**Цел:**

1. Да ги насочи младите луѓе кон тоа што претставува секторот на живи изведби.
2. Да се развијат „софт вештини“.

**Потреби:**

1. Децата на технологијата сè поретко одат во театар и на живи изведби воопшто, освен на мега-настани, и затоа сè помалку се свесни за моќта на заедништвото и социјалното влијание што овие простори го имаат.
2. Јакнење на креативноста како алатка за решавање проблеми.

**Методологија и алатки:** Менторство, учење преку практика (Learning by Doing), тимска работа, само-рефлексија.

**Активности:** По кратка воведна обука, младите, поделени во групи, треба во рок од три дена да изработат кратко видео според зададена тема со однапред утврдени ограничувања, вклучувајќи ја и изработката и задолжителната употреба на кукли.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

**Способности:** Креативно размислување, решавање проблеми, тимска работа, учење да се учи, самосвест, ИКТ вештини.

**Простори:** Teatro Villa Pamphilj, Teatro Verde

**Социјално влијание:**

1. Промоција на уметностите, знаењето и занаетите од индустријата за забава.
2. Пренесување на пораката до младите дека можат многу да научат додека се забавуваат.
3. Зајакнување на концептот за споделување простори и искуства како средство за подобрување на општеството.

## Case study 2

Big Time Take Over – BTTO Erasmus Plus

**Цел:**

Да се создаде група на млади дигитални активисти кои се способни да создаваат позитивни содржини на теми релевантни за нивните врсници и да ги споделуваат на европско ниво, според моделот *Digital Take Over*.

**Потреби:**

Проектот се спроведуваше во завршната фаза на пандемијата Covid-19 и имаше за цел да им обезбеди на младите – кои повеќе од една година беа изолирани во своите домови – нови алатки и перспективи за користење на дигиталните медиуми, за да се надмине чувството на изолација и социјална исклученост.

**Методологија и алатки:**

Менторство, учење преку работа (*Learning by Doing*), тимска работа (*Team Working*), саморефлексија (*Self Reflection*).

**Активности:**

Младите учесници формираа група, си дадоа име и се организираа како бренд. Тие ги анализираа предностите и недостатоците на користењето на социјалните медиуми и создадоа видеоклипови и видео-подкаст на оваа тема.
Организираа две конференции во областа Корвијале, пред експерти од индустријата и локални администратори.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Тројца претставници од групата учествуваа во меѓународна мобилност и го формираа транснационалниот тим *B.E.E. Active*.

**Способности:** креативно размислување, решавање проблеми, тимска работа, способност за учење, самосвест, ИКТ-вештини, активно граѓанство.

**Простори:** *CIC Corviale*, населбата *Corviale*, *Teatro Villa Pamphilj* (Рим).

**Социјално влијавие:** Две години по завршувањето на проектот, групата сѐ уште функционира. Поголемиот дел од оригиналните членови се активни во мал клуб каде што спроведуваат локални општествени и политички активности (еколошки акции, застапување на родова еднаквост).
Во текот на летото, тие сите работат на филмски фестивал во Корвијале.
Четворица од нив продолжуваат уметничка кариера.
Околу нив се формира активна заедница од приближно 30 млади луѓе, кои ги следат и учествуваат во нивните активности.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Организација: Press to Exit Project Space

## Контекст и добри практики

Press to Exit Project Space, со седиште во Скопје, Северна Македонија, се фокусира на јакнење на младите луѓе од социјално и економски ранливи заедници преку создавање пристапни патишта кон европските креативни и културни индустрии (ККИ). Проектите на организацијата имаат за цел да ги надминат пречките во пристапот до можности за креативна кариера, користејќи иновативни пристапи во обуката и менторството.

Проектот Pathways to Creative Careers се надоврзува на долгогодишното искуство на Press to Exit во креирање едукативни програми кои го поддржуваат креативниот развој на младите во областа на визуелните уметности, изведувачките уметности и кураторските практики. Главните цели вклучуваат поттикнување на креативното претприемништво, промовирање на младинскиот граѓански ангажман преку колективно креативно дејствување, како и насочување на младите кон одржливи креативни кариери.

Press to Exit има силно искуство во соработка на транснационални иницијативи, како што се P4CA (Partnership for Creative Apprenticeships) и BIGTIME TAKEOVER, кои ја докажаа ефикасноста на нивните менторски и едукативни модели. Овие проекти станаа основа за добри практики на организацијата, со акцент на јакнење, соработка и креативен развој.

## Неформални и менторски модели на учење

Press to Exit Project Space користи модели на неформално образование и менторство за поддршка на младите луѓе во нивните креативни кариери. Главниот пристап се заснова на практично учење преку креативен развој во визуелните уметности, изведувачките уметности и кураторските практики. Ова се постигнува преку поттикнување на peer-to-peer (врсничко) менторство и интердисциплинарна соработка, каде што искусни професионалци ги менторираат младите учесници, нудејќи насоки и поддршка и во креативните процеси и во развојот на кариерата.

Клучните активности вклучуваат:

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

- Creative Mentoring Exchange: Транснационални лаборатории за копродукција и онлајн менторски работилници, во кои младите соработуваат со ментори од различни културни и креативни сектори.
- Collective Action Projects: Копродукција на ресурси како *Creative Careers Pathways Model* и прирачник за подготвување на младите за нивно вклучување во колективна граѓанска акција.
- Visiting Curatorial Initiative: Куратори и уметници менторираат млади креативци во создавање нови дела, со што се унапредуваат нивните професионални и уметнички вештини.

Партнерството ги вклучува МКЦ (Младински културен центар), Центар-Јадро (Социјално-културен простор) и Музејот на современата уметност во Скопје, заедно со регионални и европски партнери, обезбедувајќи широка и поддржувачка мрежа на чинители посветени на развојот на младите во креативните и културните индустрии.

## Простори и заедница

Press to Exit Project Space е длабоко вкоренет во културниот пејзаж на Скопје, со тесна соработка со населбите и локалните заедници за поттикнување на локален ангажман. Активностите се одржуваат во клучни културни центри, меѓу кои: МКЦ – Младински културен центар, Социјално-културен простор „Центар-Јадро", и Музејот на современа уметност – Скопје, кои функционираат како живи платформи за креативен и граѓански израз.

Овие простори не се само места на одржување на настани, туку и заеднички центри каде младите од социјално загрозени и маргинализирани средини можат да пристапат до можности во креативните и културните индустрии.

Вклученоста на локалната заедница е суштински дел од мисијата на Press to Exit. Преку изложби, работилници и менторски програми, организацијата се справува со општествени предизвици како младинската невработеност, недостатокот на креативни можности и ограничениот пристап до културно образование. Фокусот на создавање пристапни патишта за младите од различни средини ја поттикнува социјалната инклузија и ги оснажува младите да станат активни учесници во своите заедници преку колективна уметничка акција и граѓански ангажман.

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet
RINOVA innovar, crear & regenerar
MULAB
URBANI SEPARE
press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

## Case study 1

Partnerships for Creative Apprenticeships (P4CA), Erasmus+ проект (2019-2022)

### Цел:

P4CA беше насочен кон интегрирање на можности за учење базирано на работа во културните и креативните индустрии (ККИ) со цел да се премости јазот помеѓу образованието и професионалната пракса. Препознавајќи го недостатокот на структурирани програми за практикантство прилагодени на ККИ, проектот имаше за цел да воспостави иновативни партнерства кои ќе ги поддржат и младите луѓе и професионалците во индустријата. Проектот поттикнуваше соработка помеѓу креативните организации, образовните институции и ККИ секторот за да се изградат одржливи патишта за практикантство.

### Потреби:

P4CA се занимаваше со итната потреба од зголемен пристап и инклузивност во ККИ секторот, истовремено справувајќи се со структурните предизвици со кои се соочуваат малите и микро-бизнисите. Овие организации често немаат ресурси или капацитет ефикасно да спроведуваат практикантства. Преку воспоставување на кооперативни мрежи, peer review и групи за развој, како и рамки за валидирање на способности, P4CA го зајакна секторот да ги надмине овие ограничувања. Акцентот на меѓународна мобилност дополнително ги зајакна адаптибилноста и глобалната перспектива и на практикантите и на тренерите.

### Методологија и алатки:

Проектот се фокусираше на градење партнерства помеѓу креативни организации, образовни институции и микро-бизниси за поддршка на одржливи практики во културните и креативните индустрии.
Клучните активности вклучуваа практично учење на работното место, водено од обучени ментори и редовна повратна информација за обезбедување квалитет.

Проектот користеше неколку клучни алатки:

Извештаи по земји и инфографски резимеа
Occupational Profile for Apprenticeship Coaches
Non-formal Learning Pathway & Competence Framework
Toolkit for Apprenticeship Coaches
Open Educational Resource (OER)

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Водич на добри практики (Good Practice Guide)
Accreditation Pathway Navigator
Овие алатки обезбедија квалитет, инклузивност и развој на капацитети во секторот.

## Активности:

P4CA разви сеопфатна програма за обука на тренери и ментори во ККИ секторот, која го инкорпорираше CLOCK YOUR SKILLS системот за верификација на способности на практикантите.

Клучни активности:

Транснационална размена на знаење онлајн за време на пандемијата на Ковид-19, со цел заедничко создавање на прирачник за Creative Apprenticeship Coaches.
По пандемијата, прирачникот беше тестиран и валидиран со практичари.
Петдневен комбиниран настан за учење во Печуј, Унгарија, и тридневна обука за персоналот во Матера, Италија.
Дисеминација на резултатите преку завршна конференција во Скопје, Северна Македонија, и национални мултипликаторски настани во пет земји.

## Способности:

Проектот разви рамка на способности и профил на занимање за тренери и ментори во ККИ секторот. Овие документи ги дефинираа основните вештини и знаења потребни за ефективна поддршка на младите што влегуваат во креативните индустрии, вклучувајќи: менторски вештини, процена на напредокот на практикантите, разбирање на специфичните барања на креативните професии.
Профилот, исто така, го нагласува значењето на интерсекторска соработка, флексибилност и способност да се движат помеѓу креативниот и образовниот контекст. Овој сеопфатен пристап обезбеди менторите да бидат добро подготвени да ги водат младите кон успешни кариери во ККИ секторот.

## Простори:

Активностите се имплементираа и во локални креативни центри и во меѓународни мрежи, со цел да се опфатат различни географски региони. Програмата активно вклучуваше микро-бизниси, креативни организации и локални заедници, адресирајќи ги социјалните и економските потреби на недоволно претставените подрачја. Меѓународните мобилности

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

дополнително го прошириja опфатот и влијанието на програмата, градејќи глобална перспектива за младите креативци.

**Социјално влијание:**

P4CA го покажа потенцијалот на кооперативните мрежи и иновативните модели на учење за справување со системските предизвици во културните и креативните индустрии. Преку валидирање и акредитирање на вештини преку CLOCK YOUR SKILLS, проектот ги зајакна младите креативци и тренери, подобрувајќи ја нивната вработливост и професионален раст.

Иницијативата поттикна инклузивност, разновидност и развој на капацитети, придонесувајќи кон одржлив развој на ККИ секторот како клучен двигател на европската економија.

## Case study 2

Проект ECHO CURVE, 2024, поддржан од швајцарската влада преку проектот „Култура за демократија", спроведен од Фондацијата Heartefact

**Цел:**

Проектот ECHO CURVE имаше за цел да создаде динамичен простор за креативен израз и културен дијалог, обединувајќи млади уметници од Нови Сад, Загреб и Скопје. Со фокус на процес- базирани и истражувачки практики, проектот ја истакнуваше и образовната, и креативната компонента. Иницијативата ги охрабруваше учесниците да истражуваат нови медиумски практики, перформанси, просторни и аудиовизуелни инсталации, како и текстуални експерименти.

Преку соработка со искусни предавачи, кустоси и партнери во секој од градовите, проектот им овозможи на учесниците вредни можности за проширување на нивниот уметнички опсег, развивање нови вештини и презентирање на нивните дела пред локалната публика.

**Потреби:**

Проектот одговори на потребата на младите уметници од регионот за пристап до професионални развојни можности, особено со оглед на ограничената поддршка за млади уметници по завршување на студиите. Со многу млади луѓе кои ја напуштаат својата земја во потрага по подобри можности, ECHO CURVE обезбеди важна платформа за развој на вештини и културна размена.

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet
RINOVA innovar, crear & regenerar
MULAB
URBANI SEPARE
press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Преку поттикнување транснационален дијалог меѓу уметници од Нови Сад, Загреб и Скопје, проектот имаше за цел да зајакне регионалните врски и да промовира уметнички практики кои одразуваат современи општествени прашања, создавајќи услови за понатамошен професионален развој во регионот.

## Методологија и алатки:

Проектот ја користеше комбинацијата на отворени повици, работилници, менторство и вклучеување на публиката за постигнување на своите цели. Уметниците беа избрани преку регионален отворен повик, при што кураторите од секоја партнерска организација ја надгледуваа селекцијата. Работилниците, како во живо така и онлајн, овозможија континуирано водење и дијалог околу развивањето на нови делата на уметниците. Методологијата на проектот се фокусираше на соработка, споделување знаење и поттикнување уметнички експерименти. Инструментите како онлајн платформи, менторски сесии и документација на проектните активности овозможија обемно мрежно поврзување и споделување на образовни ресурси, правејќи го проектот достапен за поширока публика преку онлајн присуство.

## Активности:

Проектот вклучи неколку клучни активности, почнувајќи со отворениот повик и процесот на селекција на уметници. Потоа, избраните уметници учествуваа во работилници во Загреб и Скопје, каде што тесно соработуваа со куратори, предавачи и други професионалци. Централната фаза на проектот вклучуваше редовни онлајн средби и сесии за повратна информација, по што следеше изработката на нови уметнички дела. Финалната фаза кулминираше со изложба во Нови Сад, каде беа претставени делата создадени низ целиот проект, а се одржаа и јавни дискусии. Сите активности на проектот беа документирани и објавени онлајн, овозможувајќи поголема достапност на образовната содржина и резултатите од проектот.

## Способности:

Проектот ECHO CURVE придонесе за развој на различни способности кај учесниците. Тие вклучуваа:

-Уметнички вештини поврзани со нови медиумски практики, инсталации и перформанс.
-Кураторски и проект-менаџмент вештини.
-Искуство во јавно излагање и мрежно поврзување преку презентации, предавања и дискусии со ментори, куратори и публика.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

-Подобрување на разбирањето за различни уметнички сцени и културни контексти преку транснационални соработки, што поттикна личен и професионален развој.

## Простори:

Проектот се одржа во три различни културни центри: Нови Сад, Загреб и Скопје. Секој град обезбеди уникатна уметничка и културна средина, нудејќи им на учесниците можност да се запознаат со различни уметнички традиции и локални уметнички сцени. Проектот ги користеше воспоставените културни простори за работилници, изложби и јавни дискусии, вклучувајќи ги и оние водени или основани од партнерските организации — Project EXP во Нови Сад, ACC “Attack!” во Загреб и Press to Exit во Скопје. Овие простори играа клучна улога во олеснување на размената на идеи и презентацијата на финалните дела.

## Социјално влијание

ECHO CURVE имаше значително социјално влијание преку поттикнување трансгранична соработка и уметнички дијалог меѓу млади уметници во регионот. Проектот ги овозможи младите уметници да ја шират својата мрежа, да стекнат нови вештини и да се претставават на пошироката публика, придонесувајќи за целокупниот развој на регионалната уметничка сцена. Вклучувајќи јавни настани, како изложби и предавања, проектот го зајакна разбирањето на социјалната релевантност на современата уметност и нејзиниот потенцијал да се справи со општествени проблеми. Онлајн документацијата на проектот исто така овозможи неговото влијание да се прошири надвор од непосредните учесници, осигурувајќи дека знаењето споделено за време на работилниците и настаните продолжува да инспирира и да образува пошироката заедница.

# Case study 3

BIGTIME TAKEOVER Erasmus+ проект 2021-2023

## Цел:

Проектот BIGTIME TAKEOVER имаше за цел да им овозможи на младите луѓе да ја искористат својата креативност и потенцијалот на новата технологија за да се огласат во врска со прашања што ги засегаат нивните животи. Проектот се темелеше на концептот на дигитален „takeover“ – модел каде корисниците на комуникациска платформа ја монополизираат таа платформа за да ја курираат и промовираат својата порака и креативна содржина. Иницијативата имаше за

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

цел да ги поттикне младите да преземат контрола врз дигиталните простори, овозможувајќи им да ги изразат своите идеи, вредности и решенија за социјални предизвици.

## Потреби:

BIGTIME TAKEOVER одговори на растечката потреба младите да се вклучат поактивно на дигиталните платформи на позитивен и влијателен начин. Со зголемената присутност на дигиталните медиуми во секојдневниот живот, постоеше потреба да им се овозможи на младите да ги користат овие платформи не само за личен израз, туку и за застапување на социјални промени. Проектот имаше за цел да ја пополни празнината во можностите за младите значајно да придонесат во разговорите за прашањата што им се важни, поттикнувајќи чувство на агенција и креативност во дигиталниот простор.

## Методологија и алатки:

Проектот го користеше моделот „Takeover“ како основа, каде младите беа вклучени во креирање и спроведување на своите сопствени „Креативни акциски проекти“. Овие проекти ги охрабруваа учесниците да користат дигитални алатки и платформи за развивање на содржина која ги отсликува нивните ставови, грижи и креативни идеи, со цел да предизвикаат позитивна социјална промена. Беа организирани работилници и сесии за менторство за да им се обезбедат на учесниците потребните вештини, како што се создавање дигитална содржина, стратегии за социјални медиуми и управување со проекти. Дигиталните платформи служеа и како простор за соработка, но и како медиум за споделување на креативните резултати со пошироката заедница.

## Активности:

Проектот BIGTIME TAKEOVER започна со серија работилници кои им помогнаа на младите учесници да разберат како да креираат и да управуваат содржина во дигиталните простори. По усвојувањето на основите на дигиталното ангажирање, младите учесници добија задача да создадат свои „Креативни акциски проекти“. Овие проекти беа дизајнирани да се занимаваат со релевантни социјални прашања и да се вклучат во заедниците преку дигитална содржина. Финалната фаза на проектот ги вклучи младите во „земање контрола“ (takeover) врз веќе постоечки платформи за споделување на нивната работа, од социјални медиуми до блогови и дигитални уметнички простори. Јавни изложби и онлајн кампањи исто така беа дел од завршните активности на проектот, давајќи им на учесниците можност да ги прикажат своите креации и да го споделат влијанието од нивната работа.

## Способности:

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Проектот BIGTIME TAKEOVER придонесе за развојот на неколку клучни способности кај младите учесници. Тие вклучуваа дигитална писменост, креирање креативна содржина и управување со проекти. Дополнително, проектот ја зајакна нивната способност за ефективна комуникација во дигитални средини, развој на критичко размислување за социјални прашања и соработка со врсници од различни култури. Работејќи на „Креативните акциски проекти“, учесниците стекнаа вредни вештини во лидерство, тимска работа и практична примена на креативното размислување за решавање на реални проблеми.

## Простори:

Проектот користеше и физички и дигитални простори. Работилниците се одржуваа во МКЦ – Младински културен центар во Скопје, додека финалните „Креативни акциски проекти“ беа претставени на различни дигитални платформи, вклучувајќи социјални мрежи, блогови и интерактивни веб-страници. Дигиталните простори им овозможија на учесниците автономија во тоа како нивната работа ќе биде споделена и промовирана, што го зајакнуваше концептот на „takeover“. Комбинацијата на физички работилници и дигитални простори за вклучување овозможи учесниците да искусат хибридна средина за учење.

## Социјално влијание:

BIGTIME TAKEOVER имаше значително социјално влијание, затоа што им овозможи на младите создавање на алатки и платформи за да се изразат за прашањата што им се важни, од локални заеднички прашања до глобални предизвици. Преку нивните „Креативни акциски проекти“, учесниците не само што ги развија своите лични креативни и технички вештини, туку и научија како да ја користат својата дигитална присутност за да поттикнат позитивни социјални промени. Моделот на дигитален „takeover“ им овозможи на младите да влијаат на дискусиите за важни прашања, поттикнувајќи поголемо граѓанско учество и свесност во онлајн светот. Наследството на проектот продолжува, бидејќи содржините и кампањите создадени од учесниците продолжуваат да инспирираат и вклучуваат други, промовирајќи социјални промени водени од младите во дигиталната ера.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet  RINOVA innovar, crear & regenerar  MULAB  URBANI SEPARE  press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Организација: Rinova Málaga

## Контекст и добри практики

P2CC се потпира особено на искуството од зајакнување на младите во „BigTime Takeover" (2021-23, вклучувајќи го Mulab и тимот на Press to Exit). Иако целта на BigTime Takeover не беше директно да ги поддржи младите да влезат во креативни кариери, проектот разви значајни методологии за овластување на младите и транснационална креативна соработка со младите. Види Youth Powerpack развиен од Mulab.

Искуството од Creus (2018-20, вклучувајќи го Mulab), кое поддржуваше креативно менторство на младите во неконвенционални простори за учење (наградена со Erasmus Plus Good Practice статус), е исто така важно. Можеме да се потпреме на алатките и ресурсите за Peer Mentors и визуелните водичи за ментори и менторирани лица.

Покрај Mulab, работевме и на Hate Interrupter Teams (HIT), медиумска кампања водена од младите која се бори против говор на омраза на интернет, како и YCreate, кој има за цел да ги овласти младите во спротивставување на интернет омраза, дезинформации и лажни вести. Во моментов, работиме со Mulab во проектот HUMAN, кој го продолжува ова работење со поддршка на младите да дејствуваат како Digital Hate Interrupter Activists.

## Неформални и менторски модели на учење

P2CC ги обединува моделите на индивидуално менторство кои се развиени во низа проекти што произлегоа првично од European Cultural Learning Network (2013-2015, вклучувајќи го Mulab и тимот од Urbani Separe), Talent Matching Europe (2016-18, вклучувајќи го Mulab и тимовите од Urbane Separe и Press to Exit); Bridging the Gap Europe (2018-2020) – проект кој го иницира Rinova Creative Mentoring Exchange. Види и The Role of the Creative Mentor: a reflective review.

Најновиот проект Partnerships for Creative Apprenticeships (2021-23, вклучувајќи го и Press to Exit) разви алатки специфично за менторство на млади луѓе во нивното влегување во креативни кариери и исто така беше награден со Erasmus Plus Good Practice статус. Овој проект беше поврзан со програмата CLOCK Your Skills која поддржува професионална акредитација за креативни индустрии и советници за бизнис.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Клучна алатка која ја користиме во менторството е Creative Business Canvas. Некои релевантни материјали за поддршка на советници за кариера во работата со „Мигрантски претприемачи" исто така се развиваат во тековниот проект New Beginnings.

## Простори и заедница

P2CC се потпира на искуството од Creative Agora (2022-2024, вклучувајќи го FolkUniversitetet и Urbani Separe) при развивањето на трансконтинентална дигитална заедница за практики на уметнички едукатори во партиципативните уметности, истражувајќи како практиките базирани на заедницата можат да се пренесат во современ контекст преку потенцијалот на дигиталните канали и платформи. Особено, Creative Agora online Community Education Resource претставуваше модел за пристап во кој заедницата води во презентирањето на учењето од проектот.

Во P2CC WP4, концептот на Collective Action Projects се потпира на искуството од Motivate2Create (2021-2023, вклучувајќи го Urbani Separe и исто така награден со Erasmus Plus Good Practice статус), кој комбинираше традициите и вредностите на европските практики на заедничка и учесничка уметност со социјални акции. SAPS обезбедуваше активности за учење, алатки, ресурси и курсеви за фасилитатори во заедницата кои работат во образованието за возрасни и заедници.

Исто така, постојат корисни материјали за учење за граѓанско вклучување и вклучување на младите во обновата на соседствата водена од уметност на платформата Culturad.

## Case study 1

CREATIVE AGORA

### Цел:

Образовни ресурси и заедничка платформа за уметнички едукатори и учеснички уметности. Creative Agora имаше за цел да обезбеди трансконтинентална дигитално овозможена заедничка платформа за размена на знаења меѓу европските уметнички едукатори во партиципативните уметности.

### Потреби:

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

CREATIVE AGORA промовира европска димензија во неформалното образование и партиципативните уметности за возрасни од различни и маргинализирани заедници во Европа. Фокусирајќи се на уникатната, внатрешна способност на колаборативните и партиципативни уметности и креативното изразување да ги вклучат возрасните во учење, кои се оддалечени или исклучени од традиционалните понуди за образование на возрасни, AGORA го истакнува „уметникот како едукатор“ како клучен за поттикнување на образовна и социјална инклузија за сите.

## Методологија и алатки:

Резултати од проектот вклучуваат:

-Техничка рамка за образование во партиципативни уметности
-Отворен образовен ресурс за дигитална заедница за учење
-Дигитален пакет за учење за уметнички едукатори: 3 модули и 6 студии на случаи (case studies) за интернационализација, здравје и благосостојба и социјално влијание на партиципативните уметности

## Активности:

Вклучуваше тридневен LTT настан во Будимпешта; презентација на фестивалот Arabesques во Монпеље, Франција; Финална конференција во Шведска; и Мултиимпликаторски настани во Шпанија, Унгарија, Хрватска и Полска.

## Способности:

Рамка за компетенции и професионален профил за уметнички едукатори во учеството во партиципативните уметности.

## Простори:

Онлајн заедница за дигитално учење и настани во живо во Монпеље, Малага (Malaga Jam), Будимпешта, Риека, Силезија и Шведска.

## Социјално влијание:

Ресурсите за учење вклучуваа „Модул за социјалното влијание на партиципативните уметности“ и case studie за обнова на населби во Риека.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Во последните месеци од проектот, резултатите беа дистрибуирани до возрасни едукатори надвор од креативниот сектор, особено во Шведска и Украина.

Во проектот учествуваа 406 едукатори на уметност, од кои 154 учествуваа во Заедницата на пракса (CoP), а 252 присуствуваа на Мултиимпликаторски настани.

## Case study 2

Partnerships for Creative Apprenticeships (P4CA)

### Цел:

P4CA нуди имплементација на нови модели за обезбедување „Квалитетни и ефективни практиканства" во културните и креативните индустрии (ККИ) преку развој на вештини на практикантски тренери и интерни тренери во компании за водење на млади во ККИ за интегрирање на учење на работното место и обезбедување валидација/акредитација преку рамката CLOCK YOUR SKILLS.

### Потреби:

P4CA се осврна на потенцијалот на културните и креативни индустрии (ККИ) како клучен мотор за раст на европската економија, со адресирање на потребата за поголем пристап и разновидност, како и високата застапеност на мали и микро-претпријатија кои немаат капацитет или ресурси да вработуваат практиканти. Пристапот на P4CA се базираше на кооперативни мрежи, Peer Review & Development групи, валидација на способности и транснационални мобилни искуства за зајакнување на капацитетот на секторот.

### Методологија и алатки:

Национални извештаи со инфографички резимеа
Профил на занимање за Ментор на практиканти во ККИ
Патека за неформално учење и рамка на компетенции
Алатник за Ментори на практиканти
Отворен образовен ресурс
Водич за добра пракса

Навигатор за патеката на акредитација

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

## Активности:

Процесот на транснационална размена на онлајн знаења „peer-to-peer" за време на пандемијата Covid овозможи ко-креирање на алатник со образовни ресурси за „Ментори на креативни практиканти". По пандемијата, овие ресурси беа пилотирани и валидирани со практичари. Петдневен комбиниран настан за учење се одржа во Печ, Унгарија, а тридневна обука за персонал во Матера, Италија. Резултатите од проектот беа дистрибуирани на Финална конференција во Скопје, Северна Македонија и на Национални мултиимпликаторски настани во 5 земји.

## Способности:

Оквир за компетенции и професионален профил за Ментори на практиканти во креативните и културни индустрии (ККИ).

## Простори:

Онлајн и настани во живо во Печ (Унгарија), Матера (Италија) и Скопје (Северна Македонија).

## Социјално влијание:

-Обучени се 30 тренери за практиканти и тренери во компании во Креативните и културни индустрии (ККИ)
-Акредитирани се 4 тренери за практиканти на EQF ниво 7 преку CLOCK YOUR SKILLS
-38 тренери и практиканти учествувале во транснационална размена и пренос на практики преку комбинирани мобилности и обуки за персонал
-167 учесници на 6 настани за дисеминација во 6 земји
-36.734 прегледи на веб-страницата на проектот
-8.243 лица се информирани преку Facebook

# Case study 3

Motivate2Create (M2C)

## Цел:

Проектот имаше за цел да ги комбинира традиционалните и вредностите на европските практики на колаборативни и партиципативни уметности со „Проекти за социјални акции" (SAPs), со цел да ги поддржи учесниците и заедниците, како и фасилитаторите кои работат во

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

образование за возрасни и заедници во ранливи средини, и да делува како катализатор за промени во заедницата преку „место-ориентиран“ развој на соседствата.

## Потреби:

Можностите создадени во креативните и културни индустрии (ККИ) се „надвор од дострелот“ за многумина. Лицата од привилегирани средини имаат повеќе од двојно поголема веројатност да добијат работа во креативна професија, доминирајќи во клучните креативни улоги и обликувајќи ја сцена. Проектот M2C имаше за цел да ги диверзифицира гласовите, да обезбеди активности за учење, алатки, ресурси и курсеви за фасилитатори во заедницата кои работат во образование за возрасни и заедници во ранливи средини, преку транснационална заедница на практика (CoP), споделување и размена на знаење, и развивање заеднички пристап за организирање уметнички базирани SAPs, поткрепени со практики за развој на заедницата.

## Методологија и алатки:

Четири наставни модули кои обезбедуваат практични ресурси за реализирање на општествени акции водени преку уметност:

-Вклучување
-Рамки за општествена акција преку уметност
-Лидерство и општествени промени
-Размислување за учењето
M2C Прирачник во џебен формат кој нуди практични совети, алатки и методи за организирање уметнички водени општествени акции и управување со групната динамика.

## Активности:

-56 фасилитатори на општествени акции (SAP) учествуваа во локални активности за вклучување на заедницата и во низа онлајн и во живо ко-креативни и валидациски настани, со цел да се формира заедница на практика која ги развива нивните капацитети и ги валидира резултатите.
-16 фасилитатори на SAP од 5 земји учествуваа во тридневна транснационална обука (LTT) за фасилитатори на заедницата.

## Способности:

Вештини за фасилитатори на уметност во заедницата.

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet
RINOVA innovar, crear & regenerar
MULAB
URBANI SEPARE
press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

## Простори:

Онлајн заедница на практика за фасилитатори на уметност во заедницата и активности на социјални акциски проекти (SAP) во локални населби во 5 земји.

## Социјално влијание:

-56 фасилитатори на SAP и 419 возрасни учесници во заедници надвор од формалното образование беа поддржани од фасилитаторите преку SAP програмите.
-279 засегнати страни учествуваа на мултипликаторски настани и локални активности за вклучување.
-Проектот M2C беше промовиран и споделен со дополнителни 35.160 лица преку интернет и социјалните медиуми.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

# Организација: Urbani separe

Urbani Separe е колектив кој не само што го премостува јазот меѓу европските политички аспирации и реалностите на нашите заедници и општини, туку и го олицетворува концептот на културна демократија. Организацијата се занимава со темата на активно учество и повторно замислување на јавните простори преку конкретни и одржливи активности од и со граѓаните. Таквиот пристап е совршено усогласен со принципите на културната демократија, која го признава постоењето на повеќе култури во едно општество и се залага за активно, наместо пасивно, културно ангажирање.

Urbani Separe делува како катализатор за промени, претворајќи ги политиките во практика преку иновативни концепти како што се „фиктивните локални совети". Овие совети, воспоставени во различни населби и општини, не се само форуми за дискусија. Тие претставуваат динамични платформи каде што граѓани, соседи, претставници на градот, институции, јавни службеници од различни сектори и креативци заедно придонесуваат кон развојот на своите средини. Оваа методологија не само што ги решава локалните проблеми, туку и поттикнува култура на учество, ги зајакнува заедниците и создава врски меѓу поединци и групи.

Следејќи ги принципите на културната демократија, Urbani Separe ја нагласува потребата од децентрализирани, луѓе- и еколошки- ориентирани политики и практики. Овој пристап не само што го зголемува пристапот до културното создавање, дистрибуција и анализа, туку и обезбедува секој граѓанин да има глас во обликувањето на наративот за својата заедница и за просторот во кој живее.

На тој начин, Urbani Separe претставува движење што ги овластува граѓаните, ги обединува заедниците и го обликува наративот за нашите јавни простори. Организацијата е светол пример за тоа што Европската унија настојува да постигне – живо, учесничко и демократско општество, каде што културната демократија напредува и секој граѓанин активно учествува во културниот и одржливиот живот на својата заедница.

## Контекст и добри практики

Во Urbani Separe, се фокусираме на ревитализација на јавните простори и јакнење на заедниците преку партиципативни процеси што поттикнуваат соработка, споделување на знаење и долгорочна одржливост. Нашите методи се засновани на директна вклученост на

Co-funded by the European Union
Folkuniversitetet
RINOVA innovar, crear & regenerar
MULAB
URBANI SEPARE
press to exit project space
Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

локалните чинители, осигурувај ќи се нашите проекти да одговараат на вистинските потреби на заедницата, додека истовремено им помагаме да стекнат вештини за самостојно продолжување на активностите.

Во срјта на нашата работа е учењето преку акција, каде што учесниците ги идентификуваат предизвиците, развиваат решенија и ги спроведуваат проектите, при што стекнуваат практични вештини во урбано планирање, решавање проблеми и соработка. Преку инклузивни и партиципативни процеси, ги поврзуваме жителите, културните организации и претставниците на јавниот сектор за да поттикнеме дијалог и солидарност.

Клучен аспект на нашиот пристап е споделувањето на знаење, преку работилници и менторски сесии дизајнирани да ги овозможат заедниците самостојно да управуваат со своите простори. Трансформирајќи недоволно искористени подрачја во живи, инклузивни центри, ја поттикнуваме креативноста, социјалната интеракција и градењето на заедништво. Нашиот пристап обезбедува влијанието на проектите да се протега подалеку од почетните интервенции, оставајќи зад себе зајакнати заедници кои се способни самостојно да управуваат и да го развиваат своето опкружување.

Проектот „Da nam kružna ne bude tužna" се фокусираше на ревитализација на улицата Кружна во Риека, преку оспособување на младите да ги идентификуваат предизвиците и да дизајнираат решенија. Преку менторство и партиципативна продукција, учесниците беа вклучени во процесите на идентификација на проблеми, развој на решенија и нивна имплементација. Во проектот беа вклучени и средношколци, со што се прошириja перспективите и се поттикна младинска ангажираност. Во согласност со мисијата на Urbani Separe, проектот ја нагласи соработката со заедницата за создавање инклузивни и функционални простори. Тој претставува пример за добра практика во осилувањето на младите, комбинирајќи менторство, креативност и тимска работа за справување со реални урбани предизвици и постигнување одржлива трансформација.

## Неформални и менторски модели на учење

Методите на учење на Urbani Separe се засновани на заеднички и искуствени пристапи, кои даваат приоритет на активното учество, соработката и споделувањето на знаење. Нивната работа се фокусира на вклучување на заедниците во ко-креирање решенија за ревитализација на јавните простори, поттикнување на меѓучовечките врски и јакнење на заедниците за тие самите да преземат одговорност за своето опкружување.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Клучен елемент на нивната методологија е учењето преку акција, каде што учесниците — било да се локални жители, млади или културни практичари — директно се ангажираат со специфичните предизвици на дадена локација. Преку овој практичен пристап, учесниците ги идентификуваат проблемите, предлагаат решенија и спроведуваат проекти, при што стекнуваат практични вештини и градеде посилни врски со својата заедница.

Urbani Separe го нагласува значењето на поврзувањето на луѓето и споделувањето на знаењето, создавајќи платформи за соработка и размена на идеи меѓу различни чинители. Овој инклузивен и партиципативен процес ја зајакнува социјалната кохезија и им овозможува на заедниците заеднички да се справуваат со предизвиците.

Влијанието на нивните методи често се протега подалеку од времетраењето на проектот. Заедниците кои учествуваат во нивните иницијативи често се осилени да продолжат самостојно, одржувајќи и проширувајќи ја работата започната со Urbani Separe. Со тоа што им обезбедуваат вештини, алатки и самодоверба да делуваат независно, Urbani Separe обезбедува трајно наследство на развој воден од заедницата на местата каде што нивните проекти започнуваат.

## Простори и заедница

Во Urbani Separe, нашата работа се фокусира на ревитализација на недоволно искористените јавни простори, вклучување на соседствата и одговарање на специфичните потреби на локалните заедници. Дејствуваме во различни урбани подрачја, често во области кои се соочуваат со социјални или функционални предизвици, каде што соработуваме со жители, организации и други засегнати страни за да ги трансформираме овие простори во живи центри на активност и поврзување.

Нашите проекти се втемелени во заедничко учество, обезбедувајќи оние што ги населуваат и користат овие простори да бидат активни учесници во идентификувањето на предизвиците и ко-креирањето на решенијата. Овој партиципативен пристап создава посилни врски во заедницата и ги оспособува поединците да преземат одговорност и сопственост врз своето опкружување.

Социјалните потреби кои се адресираат вклучуваат: активирање и подобрување на јавните простори, поттикнување дијалог и солидарност меѓу различни групи, и создавање инклузивни средини за културна и општествена интеракција.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Нашата долгорочна цел е да ги зајакнеме и оспособиме заедниците самостојно да продолжат со развивање и управување со овие простори, обезбедувајќи одржливи и влијателни резултати кои ги одразуваат потребите и аспирациите на луѓето што ги користат.

## Case study 1

### Цел:

Целта на проектот „Da nam kružna ne bude tužna" беше да ги осилѝ младите луѓе да идентификуваат урбани предизвици и да дизајнираат решенија за ревитализација на улицата Кружна во Риека. Преку менторство и партиципативни методи, проектот им овозможи на учесниците да развијат вештини за решавање проблеми и управување со проекти, истовремено поттикнувајќи активно вклучување на заедницата. Проектот имаше за цел да ја зголеми социјалната и културната важност на просторот, да ги зајакне врските во заедницата и да создаде одржливи подобрувања на јавниот простор.

### Потреби:

Проектот се справи со потребата за ревитализација на улицата Кружна, област со историско и емоционално значење, преку подобрување на функционалноста и создавање пријатен простор за социјална интеракција, креативност и градење заедница. Постоеше јасна потреба за поттикнување дијалог и солидарност помеѓу локалните организации и жителите, со цел подобрување на комуникацијата и меѓусебното разбирање. Дополнително, овој долгорочен партиципативен процес кој ги вклучува сите засегнати страни беше суштински за обезбедување одржлива соработка и влијателна трансформација на просторот.

### Методологија и алатки:

Програмата „Da nam kružna ne bude tužna" користеше неформални модели на учење и менторство, со фокус на практична, активна работа и учење преку проекти. Преку работилници и партиципативни активности, младите учесници идентификуваа урбани предизвици и развија решенија за ревитализација на улицата Кружна. Под водство на Urbani separe, менторството обезбеди насоки, истовремено овозможувајќи учесниците да преземат сопственост врз проектот. Програмата комбинираше теоретски сознанија со практична примена, вклучувајќи локални членови на заедницата и засегнати страни, поттикнувајќи соработка и унапредувајќи личен и професионален развој.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

## Активности:

1. Развој на методологија – креирање партиципативна методологија за вклучување на клучните засегнати страни, вклучувајќи еден просторен и социолошки истражувачки извештај и методолошки рамки.

2. Јакнење на капацитети и сензибилизација – организација на пет партиципативни работилници со цел поттикнување на комуникација, градење чувство на припадност на проектот и развивање оптимални креативни решенија за имплементација.

3. Имплементација на креативни решенија – извршување на едно до три решенија дефинирани преку работилници, кои можат да вклучуваат застапувачки кампањи, просторни интервенции или јавни настани, во зависност од резултатите од работилниците.

4. Јакнење на капацитетите на тимот на проектот – младите – зголемување на капацитетот на тимот за работа во заедницата преку неформални активности за учење.

## Способности:

Учество во проектот им овозможи на учесниците развој на клучни способности, вклучувајќи креативно решавање проблеми, управување со проекти и партиципативна соработка. Тие ги зајакнаа вештините за ангажман во заедницата, комуникација и застапување, додека стекнуваа искуство во собирање и анализа на податоци и имплементација на креативни решенија. Проектот исто така поттикна емпатија, културна чувствителност, лидерство и прилагодливост, опремувајќи ги учесниците со вредни и преносливи вештини за идни иницијативи базирани на заедницата и креативни кариери.

## Простори:

Проектот беше фокусиран на улицата Кружна, историски и емотивно значајна урбана зона во Риека. Иако богата со културна вредност, улицата се соочуваше со проблеми како недоволна искористеност, недостаток на функционалност и слаба вклученост на заедницата. Целта беше да се трансформира ова место во активен, инклузивен центар за социјална интеракција, креативност и културни активности.

За време на проектот, улицата Кружна оживеа преку различни активности за ревитализација. Беа посадени растенија, просторот беше обоен со живописни дизајни, а различни активности донесоа нова енергија во областа. Учесниците, заедно со членовите на заедницата,

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

продолжија да ја одржуваат и негуваат улицата дури и по завршувањето на проектот. Овој континуиран ангажман обезбеди траен ефект на подобрувањата, поттикнувајќи чувство на сопственост и одржливост кај вклучените. Улицата Кружна стана симбол на успешна заедничка соработка и креативна трансформација.

### Социјално влијание:

Проектот ги зајакна врските во заедницата преку поттикнување соработка помеѓу младите, жителите и локалните организации. Улицата Кружна беше ревитализирана во жив, инклузивен простор кој охрабрува социјална интеракција и креативност. Учесниците стекнаа вештини за вклученост на заедницата и решавање проблеми, што им овозможи да играат активна улога во нивната околина. Континуираната грижа за улицата од страна на вклучените обезбеди трајна социјална кохезија и колективна гордост во трансформираниот простор.

Co-funded by the European Union

Folkuniversitetet RINOVA innovar, crear & regenerar MULAB URBANI SEPARE press to exit project space

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.